ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: проф.д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и

Дритон Сулејмани, заменик на министерот за образование и наука

ПОВЕРЕНИЦИ: Елена Ивановска, државен секретар во Министерство за образование и наука и

Светлана Бицеска, државен советник во Министерството за образование и наука

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за научноистражувачката дејност

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Министерството за образование и наука како надлежна институција за креирање на политиките во науката, иницира донесување на нов Закон за научноистражувачката дејност со кој се регулира научноистражувачката дејност, начелата, принципите, целите, субјектите за вршење научноистражувачка дејност и нивните обврски, остварување на јавниот интерес и стратешкото планирање за развој на науката и истражувањето, етичките комисии во научноистражувачката дејност, обезбедување на квалитетот и развојот на научноистражувачката дејност, правен статус и основање на научните институти, статусот на самостојните истражувачи, условите за стекнување статус на Центар за извонредност, водење евиденција, како и други прашања од значење за науката и истражувањата поврзани со научноистражувачката дејност.

Во Република Северна Македонија научната дејност се одвива главно преку универзитетите, научните институти и јавните установи. Еден од најголемите предизвици се инвестиции во истражување и развој. Постојниот систем се соочува со предизвици поврзани со недоволна соработка помеѓу научноистражувачките институции и стопанството, како и потреба од создавање подобри услови за развој и задржување на младите истражувачи и научниот кадар. Дополнително, постои потреба од унапредување на механизмите за евалуација на научните резултати и поттикнување на меѓународната соработка и мобилност на истражувачите. За подобрување на состојбата во науката во Републиката, со поддршка на научната дејност ќе се зголеми научниот напредок и меѓународната конкурентност.

Научноистражувачката дејност претставува клучен двигател на економскиот и општествениот развој, како и основа за создавање нови знаења, технологии и иновации. Во услови на забрзан технолошки развој и зголемена глобална конкуренција, современите економии сè повеќе се потпираат на знаење и научни достигнувања како главен ресурс за одржлив раст и конкурентност.

Причините за донесување на нов Закон за научноистражувачка дејност произлегуваат од потребата за воспоставување современ, функционален и одржлив систем на финансирање и управување со научноистражувачката дејност и оптимално користење на научноистражувачката инфраструктура, кој ќе обезбеди услови за развој на квалитетни научни истражувања, поттикнување на иновации и трансфер на знаење во функција на економскиот и општествениот развој. Анализата на постојната состојба во областа на научноистражувачката дејност укажува на потреба од понатамошно унапредување на нормативната рамка и институционалните механизми. Последен пат законската рамка за научноистражувачката дејност беше воспоставена во 2008 година. Во изминатите години, законот доживеа повеќе измени кои претежно се однесуваа на поединечни аспекти и не овозможија суштинска модернизација. Истовремено, современите предизвици како што се дигитализацијата, интернационализацијата, отворена наука, поголема видливост на резултатите, современите европски начела, ја наметнаа потребата од сеопфатна ревизија на законската рамка.

Со донесувањето на новиот закон се очекува создавање на појасна институционална структура, воведување на ефикасни механизми за поддршка

на научноистражувачките активности и јакнење на капацитетите на научноистражувачките институции.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Законот за научноистражувачка дејност се креира национална политика за наука, координација на научните активности и чинителите во научноистражувачката дејност на национално ниво како и начините на финансирање на науката.

Основните цели кои треба да се постигнат со овој закон се:
-Развој на ефикасен и конкурентен систем на научноистражувачка дејност.
-Поттикнување на научната извонредност и меѓународната соработка.
-Зголемување на вложувањата во истражување и развој.
-Подобрување на условите за работа и кариера на истражувачите.
-Поттикнување трансфер на знаење и иновации во економијата.
- Академска слобода и интегритет
- Транспарентност и конкурентност при финансирање
- Интердисциплинарност и меѓународна соработка
- Отворена наука и достапност на резултатите од истражувањата
- Со цел зголемување на квалитетот и видливоста на научната работа истражувањата се спроведуваат со принципите на отворена наука со оптимално користење на научноистражувачката инфраструктура. Принципите на отворена наука и отворен пристап до научни публикации и податоци се засноваат на препораките на Европска комисија и меѓународна добра пракса.

Посебен акцент во овој закон се става на спефични механизми за поддршка и стимулирање на млади истражувачи и постдокторанди со што за прв пат се воведува финансирање, создавање и унапредување на научноистражувачки потенцијали на студентите запишани на прв циклус студиски програми наука, технологија, инженерство и математика (СТЕМ), а од Буџетот на Република Северна Македонија се обезбедуваат средства за младински истражувачки проекти.

Исто така, за прв пат се уредува избор во соработничко звање на научната установа според одредени категории на приоритет на предност на лица кои се стекнале со универзитетска диплома на универзитет кој во последните 10 години се наоѓал меѓу првите 200 рангирани универзитети на листата на Академското рангирање на светски универзитети (Academic ranking of World University (ARWU)), како и на лице од редот на пет најдобри студенти од факултетот во последните две години. Новина во законот е и право на засновање работен однос без конкурс на лице кое веќе има стекнато наставно-научно, научно или соработничко звање на високообразовна или научна установа во странство на универзитет кој во последните 10 години се наоѓал меѓу првите 200 рангирани универзитети на листата Академското рангирање на светски универзитети (Academic ranking of World University (ARWU)), или Светското рангирање на универзитетите на Квакварели Сајмондс (QS World University Rankings).

Финансирањето на научноистражувачката дејност предвидува и зголемено финансирањето од државниот буџет до 15 % за развојни програми (развојна буџетска компонента) доколку во јавните научни установи во тековната година истражувачите реализирале 30% повеќе научни проекти, научни трудови во базите Веб оф сајанс/Скопус (Web of Science/Scopus), монографии, или книги. Друга воведена мерка е и стимулирање на истражувачот кој како прв автор или

автор за коресподенција објавил поголем број на научни трудови во списание со фактор на влијание во базата на Веб оф сајанс (Web of Science) од предвидените научни трудови за избор во звање во период од пет години, платата му се зголемува до 10% за период од една година од денот на изборот во звање.

Со овој закон се следат и применуваат современите трендови во однос на дигитализацијата со што во Министерството се формира и ажурира Национален агрегатор на репозиториуми и архиви со отворен пристап за кој се обезбедува соодветна безбедност на информатичките мрежи.

Националниот агрегатор на репозиториуми претставува централизирана национална дигитална платформа што собира, поврзува и јавно прикажува научни и академски содржини кои се депонирани во различни институционални репозиториуми и дигитални архиви во една држава.

Министерството за потребите на јавните научни институти и јавните факултети, обезбедува годишен пристап до научни списанија индексирани во меѓународните бази.

Со Законот за научноистражувачката дејност ќе се поттикнат и поддржат проекти од национален интерес за Република Северна Македонија, меѓународни проекти, мобилност на истражувачи, гостински истражувачи, соработката со странски научни институции како и зголемено учество на научната заедница во Европските програми и ЕУ фондовите со поголеми можности за нивно искористување.

Со овој закон се обезбедува оптимално користење, отворен пристап на истражувачката инфраструктура на јавните високообразовни установи и еднакво достапен за истражување и користење за потребите на сите јавни високообразовни установи.

Со примената на овој закон се очекува подобрување на квалитетот и видливоста на научните истражувања, поголемо учество во европските научни програми, задржување и привлекување на научен кадар, унапредување на човечките истражувачки капацитети, брз економски развој и севкупен напредок и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ

## БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој закон ќе предизвика дополнителни фискални импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.
Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредуваат начелата, целите, субјектите за вршење научноистражувачка дејност и нивните обврски, остварување на јавниот интерес и стратешкото планирање за развој на науката и истражувањето, етичките комисии во научноистражувачката дејност, обезбедување на квалитетот и развојот на научноистражувачката дејност, правен статус и основање на научните институти, статусот на самостојните истражувачи, условите за стекнување статус на Центар за извонредност, изборот во научни и соработнички звања, статусот и платата на вработените во јавните научни установи, финансирањето на научноистражувачката дејност и на субјектите кои вршат научноистражувачка дејност, водење евиденција како и надзорот и инспекцискиот надзор.

Термини и поимник

Член 2

(1) Термините што се користат во овој закон во граматички машки род се неутрални и се однесуваат подеднакво на лицата од машки и женски пол.

(2) Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **„Високообразовни установи”** се установите што вршат високообразовна и научноистражувачка дејност согласно закон;
2. **„Иновација“** е примена на нов или значително подобрен производ, технологија, процес или услуга, вклучително и техничките спецификации, компоненти и материјали, вграден софтвер, ориентација кон корисници или други функционални карактеристики, маркетинг метод или нов организациски метод во работењето, во организација на работните односи или односите на правното лице со околината;
3. **„Истражувач”** е физичко лице кое врши научноистражувачка дејност и научни истражувања во субјектите за вршење научноистражувачката дејност;
4. **„Јавна научна установа“** е самостојна научна установа, основана со одлука на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), која врши дејност од висок стратешки и национален интерес за Република Северна Македонија;
5. **„Мешовит научен институт”** е институт основан од Владата, градот Скопје, општините во градот Скопје и општините од една страна и од странско или од домашно правно лице, од друга страна, заради вршење научноистражувачка дејност;
6. **„Млад истражувач“** е физичко лице кое е запишано на втор или трет циклус на студии или лице кое докторирало пред не повеќе од пет години и кое покажува способност за научно истражување или има постигнати резултати во научно истражување;
7. **„Монографија"** е рецензирано научно дело во форма на книга, кое исцрпно и темелно на оригинален и креативен начин обработува одредена научна тема;
8. **„Научен институт“** е јавна научна установа, мешовит или приватен институт што врши научноистражувачка дејност;
9. **„Научен институт како единица во состав на универзитет“** е единица на универзитет што врши научноистражувачка и високообразовна дејност во состав на универзитет согласно закон;

10. **„Научен центар на извонредност“** е научна установа, единица на универзитет, организациона единица во МАНУ или организациона единица на факултет, која, согласно европски стандарди за научна извонредност, остварува врвни истражувачки резултати, активно учествува во Европската истражувачка област и која е прогласена за научен центар на извонредност според одредбите од овој закон;
11. **„Научноистражувачка дејност”** е дејност која ги опфаќа фундаменталните и применувачките истражувања чии резултати содржат изворност и оригиналност, а се насочени кон проширување и унапредување на научноистражувачката дејност и на вкупните знаења;
12. **„Научноистражувачка инфраструктура”** се објекти, лаборатории и опитни станици, иновациони центри, информативни центри, научна опрема, библиотечно-информациони и реферални центри, архивска и издавачка документација, е-инфраструктура, како и сѐ друго што придонесува за остварување на научноистражувачката дејност;
13. **„Научноистражувачки проект“** е систематски планиран и методолошки заснован процес на истражување, кој се спроведува во определен временски период, со јасно дефинирани цели, ресурси и носители, со цел да се создаде ново научно или стручно знаење, да се потврдат или отфрлат научни хипотези, да се развијат нови технологии, методи или решенија, или да се унапреди постојната практика во одредена област, а чии резултати подлежат на научна евалуација;
14. **„Национален агрегатор на репозиториуми"** е централизирана национална дигитална платформа што собира, поврзува и јавно прикажува научни и академски содржини кои се депонирани во различни институционални репозиториуми и дигитални архиви;
15. **„Националната класификација на научните полиња, потполиња и области на Република Северна Македонија“** (во натамошниот текст: Националната класификација) е класификација во која се утврдуваат научните подрачја содржани во Меѓународната Фраскатиева класификација и содржи поделба на научни полиња, потполиња и области;
16. **„Патент"** е право од индустриска сопственост со кое се штити пронајдок во постапка согласно закон;
17. **„Постдокторски студии"** се постдокторски истражувачки ангажмани со времено ограничена научноистражувачка дејност што ја извршува лице по стекнување на научен степен доктор на науки, со цел продлабочување на научната извонредност, самостојност во истражувањето и развој на научна кариера;
18. **„Приватен научен институт”** е научен институт основан од домашно или странско правно лице со цел вршење научноистражувачка дејност;
19. **„Применувачки истражувања”** се истражувања кои опфаќаат трансфер на знаења за подобрување на постојните и воведување нови технологии, како и примена на тие знаења во изнаоѓање практични решенија за развојот на стопанството;
20. **„Раководител на проект”** е истражувач кој раководи со научноистражувачки проекти;
21**. „Референтна научна публикација**“, во смисла на овој закон е:
а) списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на меѓународна рецензија, кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку пет земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува половина од вкупниот број на членови, а е индексирано во најмалку една електронска база на списанија утврдена од Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност или
б) книга, дел од книга или монографија која е рецензирана и објавена со Меѓународен стандарден број на книга ИСБК (ISBN – International Standard Book

Number) и/или Каталогизација во публикација ЦВП – запис (CIP – Cataloguing In Publication) пред нејзиното печатење или производство вградени во самата публикација, односно книга или дел од книга издадени од реномирана странска издавачка куќа.
в) зборник на објавени и рецензирани целосни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку пет земји и е издаден признаен научен или академски издавач, евидентиран во релевантни меѓународни научни бази на податоци или
г) преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност.
д) други релевантни публикации утврдени од Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност;
22. **„Самостоен истражувач”** е лице кое самостојно врши научноистражувачка дејност во согласност со овој закон;
23. **„Субјект за вршење научноистражувачка дејност“** е правно лице или самостоен истражувач кој, во согласност со овој закон, врши научноистражувачка дејност;
24. **„Фундаментални истражувања**“ се експериментални или теоретски истражувања за стекнување на нови изворни сознанија од научна или спознајна смисла односно потврдување или дополнување на веќе постоечки научни теории без примарна намера за нивна примена во стопанството.

Начела на научноистражувачката дејност
Член 3

(1) Научноистражувачката дејност е дејност од јавен интерес и има посебно значење за Република Северна Македонија, како дел од меѓународниот и од единствениот европски научен простор.
(2) Научноистражувачката дејност се врши согласно следниве начела:
1. слобода и автономност на научното истражување и творештвото;
2. оригиналност и автентичност;
3. поврзаност на науката со образовниот систем, со стопанството и сите сфери на општеството;
4. етичност и интегритет во вршење на научноистражувачката дејност;
5. примена на меѓународни стандарди и критериуми за вреднување на квалитетот на научноистражувачката дејност;
6. неповредливост и заштита на личноста и достоинството на човекот;
7. благосостојба на животните;
8. разновидност на мислења, методи, теории и доктрини;
9. достапност, транспарентност и соработка во рамките на научните истражувања;
10. развивање на општествена одговорност на членовите на научната заедница;
11. конкурентност и еднаквост на можностите;
12. универзална отвореност за меѓународна, научна, иновациска дејност и научно-технолошки развој;
13. заштита и комерцијализација на интелектуалната сопственост;
14. спроведување на истражувачката работа во согласност со принципите на отворена наука;
15. транспарентност во работата и дисеминација на резултатите и
16. применливост на резултатите.

Цели на научноистражувачката дејност и начин на нивно остварување

Член 4

(1) Цели на научноистражувачката дејност се:

1. развој, поттикнување и унапредување на научноистражувачката дејност, иновациска дејност и научно-технолошки развој во државата;
2. афирмација на националниот идентитет;
3. истражувања со цел иновации и развој на технологии во Единствениот европски истражувачки простор;
4. развој на компетитивност и конкурентност;
5. примена на научните сознанија во развојот на општеството;
6. рамномерен регионален развој на државата;
7. одржлив развој и
8. заштита на животната средина.

(2) Целите на научноистражувачката дејност се остваруваат преку:

1. поддршка на научноистражувачката дејност;
2. взаемна поврзаност на науката со образованието и со стопанството, како и со сите сфери на општеството;
3. системско поттикнување на соработката на субјектите за вршење на научноистражувачката дејност;
4. унапредување на домашната и на меѓународната соработка во однос на трансферот на знаења, истражувањето, обуката, применувачка, иновациска дејност и научно-технолошки развој;
5. користење на резултатите од истражувањата во општествениот, технолошкиот, културниот, уметничкиот и економскиот развој;
6. мобилност на истражувачите во национални, регионални, европски и меѓународни рамки;
7. транспарентност во истражувањето и користењето на резултатите;
8. зголемување на продуктивноста на трудот и на националната конкурентска способност во глобалниот простор;
9. зголемување на индивидуалниот и општествениот квалитет на живеење и
10. еднаквост на жените и мажите во науката.

(3) Истражувачката инфраструктура на јавните научни и високообразовни установи претставува единствен национален истражувачки систем, кој е отворен и еднакво достапен за истражување и користење за потребите на сите јавни научни и високообразовни установи, што се уредува со меѓусебен договор.

(4) Со цел зголемување на квалитетот и видливоста на резултатите од научната работа, истражувањата се спроведуваат со принципите на отворена наука со оптимално користење на научноистражувачката инфраструктура. Принципите на отворена наука и отворен пристап до научни публикации и податоци се засноваат на препораките на Европска комисија и меѓународна добра пракса.

Обврски на субјектите за вршење научноистражувачка дејност

Член 5

Заради спроведување на целите од член 4 од овој закон, обврски на субјектите за вршење научноистражувачка дејност се:

1. изготвување програми за работа и развој прилагодени кон целите и резултатите од научноистражувачката, иновациска дејност и научно-технолошки развој;
2. усогласување на програмите со стратешките цели за унапредување на научноистражувачката дејност, технолошкиот развој и иновациите во Република Северна Македонија;
3. идентификување, анализа и развивање новитети во научноистражувачката дејност;

4. одржување, подобрување и унапредување на научноистражувачките ресурси и инфраструктура;

5. овозможување пристап до научноистражувачката инфраструктура на други субјекти за вршење научноистражувачка дејност и стопански субјекти согласно меѓусебниот договор и правилата за пристап и користење на научноистражувачката инфраструктура уредени од субјектите за вршење научноистражувачка дејност;

6. планирање и реализирање на научноистражувачки проекти согласно стратешките национални приоритети на национално и меѓународно ниво;

7. активна соработка со други субјекти за вршење научноистражувачка дејност и со стопанството;

8. вклучување на домашни истражувачи, како и истражувачи од Балканскиот регион, дијаспората и други странски истражувачи, кои со својата работа можат да придонесат во унапредувањето на научните резултати, остварувањето на целите и развој на субјектот за вршење научноистражувачка дејност во национални проекти и вклучување на домашни истражувачи во проекти во странство;

9. подобрување на научните резултати и постигнувања во функција на развој на научноистражувачката дејност, иновациска дејност и научно-технолошки развој;

10. афирмирање и комерцијализација на резултатите од истражувањето согласно природата на истражувањето и

11. информирање на стручната и општата јавност за постигнатите резултати во научниот, творечкиот, иновативниот и технолошкиот развој.

## II. ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Член 6

(1) Јавен интерес во научноистражувачката дејност се остварува преку истражувања кои:

1. имаат стратешки и национален интерес за Републиката;

2. се од областа на историскиот и културниот идентитет на македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во Републиката;

3. даваат придонес за развојот на научната мисла и подигнување на научното ниво во сите подрачја, полиња и области на науката;

4. ги презентираат постигнатите научни резултати во светот и кај нас;

5. претставуваат услов за зајакнување на човечкиот капитал, економскиот раст и развојот на Републиката;

6. придонесуваат за трансфер на светските знаења, иновации, технологии и вештини и

7. се од областа на одбраната и безбедноста.

(2) Јавен интерес во научноистражувачката дејност се остварува и преку оспособувањето и усовршувањето на кадрите за научноистражувачка работа, како и подобрување и осовременување на научноистражувачката инфраструктура која е во функција на остварувањето на истражувањата од ставот (1) на овој член.

## СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

### Национална програма за научноистражувачката дејност на Република Северна Македонија

Член 7

Со Националната програма за научноистражувачка дејност на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Националната програма), која произлегува од националните развојни стратешки документи на

Република Северна Македонија, се утврдуваат стратешките цели, развојните правци и приоритетите за остварување, унапредување и финансирање на научноистражувачката дејност.

Донесување на Националната програма

Член 8

Националната програма ја донесува Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието), на предлог на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност (во натамошниот текст: Националниот совет), по добиена согласност од министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот).

Содржина и цел на Националната програма

Член 9

(1) Националната програма содржи појдовни основи, цели, содржина и обем на задачи во областа на науката, начинот на нејзино координирање и спроведување, потребна истражувачка инфраструктура, проекции за потребите од кадри за науката и показатели за следење на ефикасноста на остварувањето на научноистражувачката дејност, поврзаност со стопанството и институционалната мрежа, како и релевантноста на истражувањата во европски и светски рамки.

(2) Националната програма се остварува со вршење на фундаментални и применувачки истражувања, трансфер на знаења, технологии и иновации и други активности во областа на научните истражувања и развојот.

(3) Националната програма е основа за насочување и утврдување на обемот на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за вршење на научноистражувачката дејност.

(4) Субјектите за вршење научноистражувачка дејност, за реализација на Националната програма донесуваат годишни програми.

## III. КОМИСИЈА ЗА ЕТИКА И ИНТЕГРИТЕТ ЗА НАУЧНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Комисија за етика и интегритет

Член 10

(1) За реализација на научноистражувачки проекти субјектите за вршење на научноистражувачка дејност, формираат Комисии за етика и интегритет за научните истражувања, кои даваат мислење за реализација на научноистражувачки проекти.

(2) Во комисијата од ставот (1) на овој член, може да членуваат академици, научни советници и виши научни соработници, вонредни и редовни професори.

(3) Посебните критериуми за избор на членови и начинот на работа на комисиите од став (1) на овој член, се уредуваат во статутот на субјектите од став (1) на овој член.

(4) Во зависност од природата на истражувањето, дополнително мислење може да се бара и од етички комисии формирани согласно закон.

(5) Субјектите наведени во ставот (1) на овој член, може да соработуваат со странски етички комисии.

(6) Доколку комисијата од став (1) на овој член, даде негативно мислење, научноистражувачкиот проект не се спроведува.

## IV. СУБЈЕКТИ ЗА ВРШЕЊЕ НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### Видови субјекти за вршење научноистражувачка дејност
### Член 11

Субјекти за вршење на научноистражувачката дејност се:

1. Македонската академија на науките и уметностите (во натамошниот текст МАНУ);
2. универзитетот и единиците на универзитетот, освен високата стручна школа;
3. научни институти и
4. самостоен истражувач.

### Научни институти

### Видови научни институти
### Член 12

(1) Научниот институт врши научноистражувачката дејност од јавен интерес согласно одредбите на овој закон.

(2) Научниот институт може да биде основан како:

1. јавна научна установа;
2. единица во состав на универзитет;
3. мешовит научен институт и
4. приватен научен институт;

(3) Називот на научниот институт не смее да го содржи зборот „факултет“, „универзитет“ и географска одредница. Користењето на географски поими во називот е дозволено доколку не создава заблуда за седиштето и правниот статус на научниот институт.

(4) Научен институт може да врши и високообразовна дејност согласно Законот за високото образование.

(5) Министерот, на предлог на Националниот совет донесува Правилник за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научноистражувачка дејност.

### Јавна научна установа
### Член 13

(1) Јавна научна установа основа Владата со одлука, со средства од Буџетот на Република Северна Македонија, како национална установа, согласно јавниот интерес од член 6 од овој закон.

(2) Јавна научна установа може да се основа ако:

1. има програма во која се определени подрачјата на научните истражувања,
2. се обезбедени соодветни простории и опрема за остварување на научноистражувачка и стручна дејност и
3. се обезбедени најмалку десет лица од соодветното научно подрачје и тоа: најмалку пет лица со научен степен доктор на науки кои ги исполнуваат условите за избор во научно звање, најмалку тројца со магистратура кои ги исполнуваат условите за избор во соработничко звање и најмалку двајца со високо образование.

### Подготовка за почеток со работа на јавна научна установа
### Член 14

(1) Подготовки за почеток со работа на јавна научна установа врши матична комисија која ја формира Владата со одлука.

(2) Матичната комисијата ја сочинуваат пет члена со звање научен советник, односно редовен професор од научното подрачје во кое се основа јавната научна установа.

(3) Матичната комисија врши избор во научни и соработнички звања, одлучува за засновање на работен однос, донесува програма за работа, донесува привремен статут и врши други непосредни задачи за почеток со работа на јавната научна установа. Матичната комисија при изборот во звање не може да врши избор во повисоки звања на кандидатите.

(4) Матичната комисија престанува со работа откако ќе ги изврши задачите предвидени во ставот (3) на овој член, а најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на одлуката за нејзиното формирање.

(5) Матичната комисија во рок од седум дена од денот на завршувањето на задачите од ставот (3) на овој член поднесува извештај до Владата, која донесува одлука за основање на јавната научна установа.

(6) По влегувањето во сила на одлуката за основање од ставот (5) на овој член, министерот донесува решение за запишување во Регистарот на субјектите за вршење научноистражувачка дејност (во натамошниот текст: Регистарот) од членот 56 став (1) од овој закон.

(7) На членовите на матичната комисија им следи надоместок. Надоместокот на членовите на матичната комисија за основање на јавна научна установа се исплаќа од Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) со одлука на министерот.

(8) Висината на надоместокот од ставот (7) на овој член, изнесува до една просечна месечна исплатена нето плата по вработен во претходната година, во Републиката.

### Органи на јавна научна установа
### Член 15

(1) Органи на јавна научна установа се советот и директорот.

(2) Советот на јавна научна установа го сочинуваат девет членови од кои шест членови се од редот на вработените во јавната научна установа, од кои најмалку тројца членови се со научно звање и тројца членови со научно звање кои, ги определува Владата.

(3) Начинот на изборот и разрешувањето на членовите на советот се определува со статутот на институтот.

(4) Членовите на советот се избираат за време од четири години.

### Надлежност на советот на јавна научна установа
### Член 16

(1) Советот на јавна научна установа:

1. донесува статут,
2. донесува програма за работа и развој,
3. донесува одлука за организирање на студии од втор и трет циклус,
4. донесува финансиски план,
5. донесува годишна сметка,
6. избира и разрешува директор,
7. донесува акти за обезбедување и внатрешна контрола на квалитетот на научната и наставно-научната дејност и го следи нивното спроведување,
8. врши избор и реизбор во научни и соработнички звања,
9. одлучува за пријавување на научноистражувачки проекти и за издавање на научни трудови,
10. усвојува извештаи за реализација на научноистражувачките проекти,
11. одлучува за организирање на научни собири, симпозиуми и слично,

12.одлучува за работите кои се однесуваат за оспособувањето и усовршувањето на научно-истражувачките кадри,

13. одлучува за работите кои се однесуваат на набавка на научна литература и опрема,

14. одлучува за работите во врска со меѓународната научна соработка,

15. усвојува годишен извештај за работа со финансиски извештај и

16. врши други работи кои се во функција на остварување на дејноста.

(2) Со статутот од став (1) точка 1 на овој член, поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на научноистражувачката дејност и високообразовна дејност за втор и трет циклус на студии, доколку се изведуваат, овластувањата и начинот на работа и одлучување и слично.

(3) Согласност на статутот од став (1) точка 1 на овој член дава Владата.

## Начин на одлучување во советот на јавна научна установа

## Член 17

(1) Во одлучувањето по прашањата од членот 16 став (1) точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 13 и 15 од овој закон, покрај претставниците на вработените, учествуваат и претставниците кои ги определува Владата. Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласало мнозинството од вкупниот број претставници на вработените и мнозинството на претставниците кои ги определува Владата.

(2) Во одлучувањето по прашањата од членот 16 став (1) точка 8 од овој закон, учествуваат претставници на вработените со научни звања, а одлуките по тие прашања се сметаат за донесени доколку за нив гласало мнозинството од овие претставници.

(3) Во одлучувањата по прашањата од членот 16 став (1) точките 7, 9, 10, 11, 12, 14 и 16 од овој закон, учествуваат претставници на вработените, а одлуките по тие прашања се сметаат за донесени доколку за нив гласало мнозинството од овие претставници.

## Услови за избор на директор на јавна научна установа

## Член 18

(1) За директор на јавна научна установа може да се избере лице од редот на вработените во јавната научна установа со научно, односно наставно-научно звање кое ги исполнува и поблиските услови од статутот на јавната научна установа.

(2) Директорот се избира по пат на јавен конкурс за време од четири години со право на повторен избор.

(3) Начинот и поблиските услови за избор на директорот на јавна научна установа, се уредуваат со статутот на јавната научна установа.

## Согласност за избор и разрешување на директорот

## Член 19

Согласност на одлуката за избор и разрешување на директор на јавна научна установа дава Владата.

## Надлежност на директор на јавна научна установа

## Член 20

(1) Директорот на јавна научна установа ја застапува и претставува установата и е одговорен за законитоста на работата.

(2) Директорот на јавна научна установа ги има следниве надлежности:

- предлага програмата за работа и развој,
- презема мерки за спроведување на програмата за работа и развој,
- ги извршува одлуките на советот,
- предлага внатрешната организацијата на јавната научна установа,
- ги назначува и ги разрешува раководните лица во јавната научна установа,

- одлучува за распоредувањето на вработените на определени работи и задачи и
- врши и други работи предвидени со закон и со статутот на јавната научна установа.

(3) Директорот на јавна научна установа може да задржи од извршување одлука односно акт донесени од советот, доколку смета дека се спротивни на закон или на друг акт, за што во рок од седум дена од денот на донесувањето на одлуката, односно актот, го известува Министерството.

Научен институт како единица во состав на универзитет

Член 21

Основањето на научен институт како единица на универзитет, изборот и надлежноста на органите, управувањето, раководењето, вршење високообразовна дејност и други релевантни прашања, се врши согласно Законот за високото образование.

Мешовит научен институт

Член 22

(1) Мешовит научен институт може да основа Владата, градот Скопје, општините во градот Скопје или општините со домашно или странско правно лице (соосновачи), со средства од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на градот Скопје, општините во градот Скопје или на општините, од една страна и од сопствени средства на странско или на домашно правно лице, од друга страна, за вршење на дејност од јавен интерес, од членот 6 од овој закон.

(2) Соосновачите на мешовитиот научен институт стекнуваат основачки удел во институтот во согласност со вложените средства, при што уделот од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на градот Скопје, општините во градот Скопје или на општините не може да биде помал од 30%.

(3) Мешовит научен институт може да се основа ако се исполнети следниве услови:

1. има програма во која се определени подрачјата на научните истражувања;
2. кај еден од соосновачите има во работен однос најмалку десет лица од соодветното научно подрачје, и тоа: најмалку пет лица со научен степен доктор на науки кои ги исполнуваат условите за избор во научно звање, најмалку тројца со магистратура кои ги исполнуваат условите за избор во соработничко звање и најмалку двајца со високо образование;
3. научноистражувачката дејност е негова главна дејност и
4. има обезбедено потребни средства, опрема и простор за работа согласно правилникот од член 12 став (5) од овој закон.

Подготовка за почеток со работа на мешовит научен институт

Член 23

(1)Подготовки за почеток со работа на мешовит научен институт врши матична комисија, која на предлог на министерот ја формира Владата со одлука.

(2)Матичната комисија ја сочинуваат пет члена со научни или наставно-научни звања од научното подрачје во кое се основа институтот.

(3) На членовите на матичната комисија им следува надоместок. Надоместокот на членовите на матичната комисија е на товар на соосновачите согласно основачкиот удел.

(4) Матичната комисијата врши избор во научни и соработнички звања, донесува програма за работа, донесува привремен статут и врши други

непосредни задачи за почеток со работа на институтот. Матичната комисија при изборот во звање не може да врши избор во повисоки звања на кандидатите.

(5) Матичната комисија престанува со работа откако ќе ги изврши задачите предвидени во ставот (4) на овој член, а најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на одлуката за нејзиното формирање.

(6) Матичната комисија во рок од седум дена од денот на завршувањето на задачите од ставот (4) на овој член, поднесува извештај до Владата, која донесува одлука за основање на мешовитиот научен институт.

(7) По влегувањето во сила на позитивната одлука за основање од ставот (6) на овој член, министерот донесува решение за запишување во Регистарот од членот 56 став (1) од овој закон.

(8) Вработените од член 22 став (3) точка 2 од овој закон, засноваат работен однос на институтот, веднаш по уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија, а најдоцна во рок од седум дена од извршениот упис.

(9) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член, изнесува до една просечна месечна исплатена нето плата по вработен во претходната година во Републиката, за што одлука донесуваат соосновачите.

### Органи на мешовит научен институт
### Член 24

(1) Управувањето, раководењето и надлежностите на органите во мешовитиот научен институт се уредуваат во актот за основање и во статутот на институтот.

(2) Советот на мешовитиот научен институт го сочинуваат девет членови со научен степен доктор на науки, од кои пет членови се од редот на вработените во институтот и четири членови се претставници кои ги определуваат соосновачите на научната установа согласно основачкиот удел.

(3) Одредбите од членовите 16, 18 и 20 од овој закон, соодветно се применуваат во однос на органите на институтот и актите, а мешовитиот научен институт може да има и други органи утврдени со неговиот статут.

(4) Претходно одобрение на статутот на мешовитиот научен институт даваат соосновачите, а согласност на статутот на мешовитиот научен институт дава Владата.

### Приватен научен институт
### Член 25

(1) Приватен научен институт може да биде основан од домашно или странско правно лице како основач, со средства во приватна сопственост, по претходна согласност од Владата, за вршење на дејност од јавен интерес, од членот 6 од овој закон.

(2) Приватниот научен институт може да врши научноистражувачка дејност ако се исполнети следниве услови:

1. има програма во која се определени подрачјата на научните истражувања,
2. кај основачот има во работен однос најмалку седум лица од соодветното научно подрачје, и тоа: најмалку три лица со научен степен доктор на науки кои ги исполнуваат условите за избор во научно звање, најмалку две лица со магистратура кои ги исполнуваат условите за избор во соработничко звање и две лица со високо образование,
3. научноистражувачката дејност е негова главна дејност и

4. има обезбедено потребни средства, опрема и простор за работа согласно правилникот од член 12 став (5) од овој закон.

Подготовките за почеток со работа на приватниот научен институт

Член 26

(1) Подготовки за почеток со работа на приватен научен институт врши матична комисија, која на предлог на министерот ја формира Владата со одлука. Матичната комисија ја сочинуваат пет члена со научни или наставно-научни звања од научното подрачје во кое се основа институтот. Надоместокот на членовите на матичната комисија е на товар на основачот.

(2) Матичната комисија врши избор во научни и соработнички звања, донесува програма за работа, донесува привремен статут и врши други непосредни задачи за почеток со работа на институтот. Матичната комисија при изборот во звање не може да врши избор во повисоки звања на кандидатите.

(3) Матичната комисија престанува со работа откако ќе ги изврши задачите предвидени во ставот (2) на овој член, а најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на одлуката за нејзиното формирање.

(4) Матичната комисија во рок од седум дена од денот на завршувањето на задачите од ставот (2) на овој член поднесува извештај до Владата, која донесува одлука за основање на приватниот научен институт.

(5) По влегување во сила на позитивната одлука за основање од ставот (4) на овој член, министерот донесува решение за запишување во Регистарот од членот 56 став (1) од овој закон.

(6) Вработените кај основачот од член 25 став (2) точка 2 од овој закон, засноваат работен однос на институтот, веднаш по уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија, а најдоцна во рок од седум дена од извршениот упис.

(7) Висината на надоместокот од став (1) на овој член изнесува до две просечни месечни исплатени нето плати по вработен во претходната година во Републиката, за што одлука донесува основачот.

Органи на приватен научен институт

Член 27

(1) Управувањето, раководењето и надлежностите на органите на приватниот научен институт се уредуваат во актот за основање и во статутот на институтот.

(2) Советот на приватниот научен институт го сочинуваат седум членови, од кои четири членови се од редот на вработените на институтот и тоа тројца со научен степен доктор на науки, еден со магистратура и тројца членови се претставници кои, ги определува со одлука основачот на научниот институт.

(3) Одредбите од членовите 16, 18 и 20 од овој закон, соодветно се применуваат во однос на органите на приватниот научен институт и актите, а приватниот научен институт може да има и други органи утврдени со неговиот статут.

(4) Претходно одобрение на статутот на приватниот научен институт дава основачот, а согласност на статутот на приватниот научен институт дава Владата.

Самостоен истражувач

Член 28

(1) Самостоен истражувач може да врши научноистражувачка дејност по поднесено барање до Министерството и доколку, ги исполнува следниве услови:

1. има стекнато научен степен доктор на науки од соодветното научно подрачје,
2. има програма во која е определено подрачјето на научното истражување,
3. врши научни истражувања од соодветното научно подрачје во последните пет години,
4. има објавени или прифатени за објавување најмалку пет научни трудови од соодветното подрачје во научни списанија со фактор на влијание и
5. има обезбедено потребни средства, опрема и простор за вршење на научните истражувања, согласно правилникот од член 12 став (5) од овој закон.

(2) За проверка на исполнетост на условите од ставот (1) на овој член, министерот во рок од десет дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член формира комисија од пет члена од редот на вработените административни службеници во Министерството.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член, во рок од 30 дена од нејзиното формирање, а по извршениот увид, доставува извештај за исполнетоста на условите од став (1) на овој член до министерот.

(4) Ако во извештајот од став (3) на овој член, комисијата од став (2) на овој член, утврди исполнетост на условите од ставот (1) на овој член, министерот донесува решение за запишување во Регистарот од членот 56 став (1) на овој закон.

## V. НАУЧЕН ЦЕНТАР НА ИЗВОНРЕДНОСТ

Член 29

(1) За научен центар на извонредност може да биде прогласена научна установа, единица на универзитет, организациона единица во МАНУ или на факултет, која по својата оригиналност, значење и актуелност на постигнатите резултати во научноистражувачката дејност, спаѓа во редот на врвни установи во рамките на своето научно подрачје.

(2) Научниот центар на извонредност треба во својата работа да има остварено: силна поврзаност меѓу знаењето, истражувањето и иновацијата, односно тесна врска меѓу истражувањето и бизнисот; фокусирана истражувачка програма која вклучува интердисциплинарни теми, применети и базични остварувања; да има капацитет да обезбеди динамична, флексибилна и атрактивна работна атмосфера која придонесува за високи постигнувања на индивидуално и тимско ниво; да учествува во европски и други меѓународни истражувачки програми; механизми за подигање нови генерации научно-технолошки таленти; како и способност за остварување на динамичен партнерски однос со државните органи и единиците на локалната самоуправа.

(3) Посебните критериуми и начинот за прогласување на научен центар на извонредност врз основа на меѓународни и европски стандарди, на предлог на Националниот совет, ги утврдува министерот.

(4) Научниот центар на извонредност го прогласува Владата, на предлог на министерот.

(5) Заинтересираниот субјект поднесува барање до Министерството, кое пред да даде предлог до Владата, ја оценува исполнетоста на европските и меѓународните страндарди од критериумите од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Научен центар на извонредност се прогласува за период од пет години, со можност за повторно прогласување, по спроведена постапка за

надворешна евалуација согласно Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката.

(7) За активностите на научните центри на извонредност на јавните установи може да се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Северна Македонија, фондови, агенции, донации, средства од меѓународни организации и финансиски институции и од други извори, а за научните центри на извонредност на приватните установи од основачот.

## VI. КВАЛИТЕТ ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

### Член 30

Обезбедувањето на квалитетот во научноистражувачката дејност се врши согласно Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката.

## VII. НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА НА ИСТРАЖУВАЧИТЕ

### Избор на истражувачи во научни и соработнички звања и видови услови за избор во звања

### Член 31

(1) Истражувачите во субјектите за вршење на научноистражувачка дејност се избираат во научни и соработнички звања.

(2) Научни звања се: научен соработник, виш научен соработник и научен советник.

(3) Стекнувањето на научното звање на избраните истражувачи е постапно.

(4) Соработнички звања се: асистент истражувач и помлад асистент истражувач.

(5) Изборот во научни и соработнички звања, се врши според општи и посебни услови.

(6) Општите услови за избор во научни и соработнички звања, се определуваат со овој закон.

(7) Посебните услови за избор во научни и соработнички звања, ги утврдува со општ акт Националниот совет.

(8) Научната установа може да утврди и дополнителни критериуми за избор во научни и соработнички звања.

### Еквиваленција на звањата

### Член 32

(1) Научните звања стекнати според одредбите од овој закон, соодветствуваат на следните наставно-научни звања утврдени со Законот за високото образование:

- научен советник соодветствува на редовен професор,
- виш научен соработник соодветствува на вонреден професор и
- научен соработник соодветствува на доцент.

(2) Соработничките звања стекнати според одредбите на овој закон, соодветствуваат на следните соработнички звања утврдени со Законот за високото образование:

- асистент истражувач соодветствува на асистент и
- помлад асистент истражувач соодветствува на помлад асистент.

### Општи услови во избор на научни звања

### Член 33

(1) Научен соработник може да биде лице кое:

1. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси на студиите од прв и студиите на втор циклус,

односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите за регулирани професии согласно Законот за високото образование пред воведување на ЕКТС, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,

2. има научен степен доктор на науки од научното подрачје за кое се избира, како и завршен прв и втор циклус од исто подрачје,

3. има најмалку три години искуство во звањето асистент – истражувач или има тригодишни постигнувања во примена на научноистражувачки резултати,

4. има објавени или прифатени за објавување најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација, од кои најмалку три се во списание со фактор на влијание од базата Веб оф сајанс (Web of Science), а за хуманистичките и општествени науки од базите Веб оф сајанс или Скопус (Scopus), во последните пет години пред објавување на огласот за избор и

5. има познавање на најмалку еден странски јазик, определен со статутот на научниот институт односно на универзитетот.

(2) Виш научен соработник може да биде лице кое:

1. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси на студиите од прв и студиите на втор циклус, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите за регулирани професии согласно Законот за високото образование пред воведување на ЕКТС, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,

2. има научен степен доктор на науки од научното подрачје за кое се избира, како и завршен прв и втор циклус од исто подрачје,

3. има објавени или прифатени за објавување најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација од кои најмалку четири во списание со фактор на влијание од базата Веб оф сајанс, а за хуманистичките и општествените науки од базите Веб оф сајанс или Скопус, во последните пет години пред објавување на огласот за избор,

4. да бил претходно избрано во научно звање научен соработник,

5. да бил учесник на најмалку три научноистражувачки проекти од кои најмалку на еден бил раководител или главен истражувач и

6. да има објавено една монографија од научното подрачје.

(3) Научен советник може да биде лице кое:

1. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси на студиите од прв и студиите на втор циклус, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите за регулирани професии согласно Законот за високото образование пред воведување на ЕКТС, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,

2. има научен степен доктор на науки од научното подрачје за кое се избира, како и завршен прв и втор циклус од исто подрачје,

3. има објавени или прифатени за објавување најмалку седум рецензирани научни труда во референтна научна публикација од кои најмалку четири во списание со фактор на влијание од базата Веб оф сајанс, а за хуманистичките и општествените науки од базите Веб оф сајанс или Скопус), во последните пет години пред објавување на огласот за избор,

4. да бил претходно избран во звање виш научен соработник,

5. да бил учесник на три и раководител или главен истражувач на најмалку еден научноистражувачки проекти и

6. да има објавено најмалку две монографии од научното подрачје.

(4) За повторен избор во звањето научен советник може да се избере лице кое:

1. било претходно избрано во звањето научен советник,

2. има објавени или прифатени за објавување најмалку седум рецензирани научни труда во референтна научна публикација од кои најмалку четири во списание со фактор на влијание од базата Веб оф сајанс, а за хуманистичките и општествените науки од базите Веб оф сајанс или Скопус, во последните седум години пред објавување на огласот за избор,

3. да бил раководител на најмалку три научноистражувачки проекти од кои најмалку еден е научноистражувачки меѓународен проект и

4. да има објавено најмалку три монографии од научното подрачје.

(5) Условите од ставот (2) точките 5 и 6 и ставот (3) точките 4, 5 и 6 на овој член, треба да бидат исполнети во последните пет години пред објавување на огласот за избор, а условите од ставот (4) точките 3 и 4 на овој член, треба да бидат исполнети во последните седум години пред објавување на огласот за избор.

(6) Објавените трудови и научноистражувачки проекти се вреднуваат доколку лицето го има наведено називот на универзитетот, институтот или установата каде што е вработено согласно актите на универзитетот, институтот или установата.

(7) Условите од ставот (1) точка 4, ставот (2) точка 3, ставот (3) точка 3 и ставот (4) точка 2 на овој член, што се однесуваат на научни трудови при избор во звања од областа на лингвистиката и славистиката се сметаат за исполнети со прифаќање и објавување на трудови во базата на Скопус и/или ЕБСКО (EBSCO).

(8) Општите услови за избор во звања од овој член, се минимални услови, а научната установа може со посебен акт да утврди повисоки дополнителни услови за избор во звања, при што доколку за избор во звање два или повеќе кандидати ги исполнуваат општите, посебните и дополнителните услови, предност има кандидатот со повисок „h“-индекс, во Веб оф сајанс или во база определена од научната установа, согласно спецификите на областа во која се избира кандидатот.

Општи услови за избор во соработнички звања

Член 34

(1) За помлад асистент - истражувач може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв циклус на академски студии со најмалку 240 ЕКТС кредити,

2. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) од студиите од прв циклус и

3. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, на научните установи од подрачјето на регулирани професии, за помлад асистент - истражувач може да биде избрано лице кое:

1. ги има завршено интегрираните студии,

2. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии и

3. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, асистент-истражувач во полето на правните науки може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС,

2. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и вториот циклус на академски студии посебно и

3. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(4) За асистент - истражувач може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити,

2. има стекнато назив магистер од соодветното подрачје,

3. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите на првиот и вториот циклус на академски студии,

4. да има објавено најмалку два труда во референтна научна публикација и

5. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, на научните установи од подрачјето на регулирани професии, за асистент-истражувач може да биде избрано лице кое:

1. ги има завршено интегрираните студии

2. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии,

3. да има објавено најмалку два труда во референтна научна публикација и

4. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(6) Општите услови за избор во звања од овој член се минимални услови, а научната установа може со посебен акт да утврди повисоки дополнителни услови за избор во звања.

Конкурс за избор во звање

Член 35

(1) Избор во научни и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс, кој го распишува советот на научната установата, што го објавува субјектот за вршење на научноистражувачка дејност.

(2) Конкурсот за избор во звања од ставот (1) на овој член, и засновање на работен однос се распишува за избор во сите звања.

(3) Конкурсот за избор во соработнички звања и засновање на работен однос се распишува за избор во определено соработничко звање.

(4) Конкурсот за избор во звање и засновање на работен однос треба да го содржи соодветното научно подрачје за кое се избира лицето, утврдено со Националната класификација од членот (2) точка 15 од овој закон, видот на работниот однос, рокот на траењето и општите и посебните услови за избор, документацијата која е од важност за изборот и други услови утврдени со закон или општ акт на научната установа.

(5) Постапката за избор во звање по конкурсот од став (1) на овој член, може да трае најмногу шест месеци, сметано од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат. Доколку постапката не заврши во овој рок, постапката се запира и се распишува нов конкурс.

(6) Рокот од ставот (5) на овој член, не тече во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

Постапка за избор во звање

Член 36

(1) Изборот на кандидатите во научни звања го врши советот на научната установа, врз основа на оцена на рецензиона комисија која ја формира советот на научната установа, по завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

(2) Членовите на рецензионата комисија се избираат од редот на лица со научни односно наставно-научни звања од истата или од друга високообразовна установа односно научен институт.

(3) Рецензионата комисија се состои од најмалку три члена со научни односно наставно-научни звања од истото научно подрачје во кое се избира кандидатот.

(4) Членовите на рецензионата комисија не можат да бидат во пониско звање од звањето во кое се избира кандидатот.

(5) Член на рецензиона комисија, под истите услови определени во овој закон, може да биде и лице со научно звање од акредитирана високообразовна

установа, односно научен институт во странство со која субјектот на научноистражувачката дејност има склучено спогодба за меѓусебна соработка.

(6) За сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува писмен извештај, во рок од три месеци од денот на доставувањето на целокупната документација.

(7) Извештајот од ставот (6) на овој член, содржи биографски податоци за кандидатите, преглед и оцена на нивната научна работа и оцена на исполнетоста на условите за избор во научно, односно соработничко звање, како и предлог за избор на кандидат во соодветното звање.

(8) Извештајот на рецензионата комисија се објавува во соодветен билтен и на интернет страницата на научната установа најдоцна 15 дена пред денот на изборот.

(9) Поблиските критериуми и начинот на избор во научни и соработнички звања ги уредува научната установа согласно посебните услови за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања утврдени од Националниот Совет.

(10) Изборот на лица во соработничко звање на научната установа се врши по следните категории на приоритет:

1. лице кое се стекнало со универзитетска диплома од соодветно подрачје, на универзитет кој во последните 10 години се наоѓал меѓу првите 200 рангирани универзитети на листата на Академското рангирање на светски универзитети (Academic ranking of World University (ARWU)).

2. лице од редот на пет најдобри студенти од факултетот во последните две години и

3. лице од останатите пријавени кандидати.

Засновање на работен однос

Член 37

(1) Лицата избрани во научно и соработничко звање засноваат работен однос и остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со овој и друг закон.

(2) Со извршениот избор во научно и соработничко звање, избраното лице заснова работен однос за времето за кое е избрано.

(3) Соработниците – помлад асистент истражувач и асистент истражувач учествуваат во научноистражувачката дејност и може да учествуваат во наставниот процес во студиските програми за втор и трет циклус во обем определен во студиската програма.

(4) Лице кое веќе има стекнато наставно-научно, научно или соработничко звање на високообразовна или научна установа во странство, на универзитет кој во последните 10 години се наоѓал меѓу првите 200 рангирани универзитети на листата на Академското рангирање на светски универзитети или Светското рангирање на универзитетите на Квакварели Сајмондс (QS World University Rankings) има право да заснова работен однос без конкурс во научната установа, по објавен јавен повик, по добиена согласност за вработување од Министерството и Министерството за финансии, во исто или еквивалентно звање.

(5) Лица избрани во соработничко звање, вработени на јавна научна установа, се ослободени од обврската за плаќање школарина за трет циклус студии на јавната високообразовна односно на јавна научна установа во Република Северна Македонија, на којашто запишале докторски студии.

Член 38

(1) Научен соработник и виш научен соработник се избираат за време од пет години, а научен советник се избира за време од седум години.

(2) Повторен избор во звањето научен советник се врши во рок од седум години од претходниот избор. По повторниот избор научниот советник заснова работен однос на неопределено време.

(3) Асистент - истражувач се избира за време од три години.

(4) Помлад асистент - истражувач се избира за време од три години.

(5) На лицето избрано во научно звање му престанува работниот однос согласно прописите од областа на работните односи.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, заради непречено вршење на дејноста на научните институти, по претходно барање на работникот, еднаш годишно може да се продолжи договорот за вработување на лицето избрано во научно звање, до завршување на тековната година во која ги исполнува условите за стекнување старосна пензија или најмногу до завршување на годината во која полни 67 години возраст.

(7) Барањето за продолжување на работниот однос од ставот (6) на овој член, се поднесува еднаш годишно, најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на договорот за вработување за наредната година, директорот е должен да му го продолжи работниот однос, по преходно донесена позитивна одлука на советот на научната установа.

Член 39

(1) Најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во научно звање, јавниот конкурс се распишува за избор во сите научни односно соработнички звања.

(2) При изборот од ставот (1) на овој член, се применуваат одредбите од овој закон за избор во научни и соработнички звања.

(3) Времето за распишување на конкурсот од ставот (1) на овој член, се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од шест месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи.

Лица кои не се избрани во звање

Член 40

(1) Ако при избор во звање, лицето кое претходно било избрано во научно звање, биде предложено за избор во повисоко звање и не биде избрано во предложеното повисоко звање, повторно се гласа за избор во постојното звање во кое било претходно избрано.

(2) Научен соработник, виш научен соработник и асистент истражувач може да бидат избирани во истото звање, без ограничување на бројот на избори, доколку ги исполнуваат условите за избор во истото звање.

(3) Научен советник кој не бил повторно избран (реизбран) во звањето научен советник, а ги исполнува условите од членот 33 став (2) од овој закон, може да биде избран во звањето виш научен соработник.

(4) Доколку лицата од ставовите (1) и (2) на овој член, не бидат избрани и во наведените звања, звањето се одзема и работниот однос им престанува.

(5) Лицето од ставовите (3) и (4) на овој член, има право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на Советот за избор односно за неизбор во звање, до Советот на научната установа односно, научниот институт, кој во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот донесува одлука.

(6) Ако приговорот биде одбиен, лицето има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката од став (5) на овој член, до Сенатот, доколку научниот институт е придружна членка на универзитет, кој во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата формира комисија од три члена, составена од редовни професори или научни советници од истото научно

подрачје од кое е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа или научен институт.

(7) Комисијата од став (6) на овој член поднесува извештај до Сенатот во рок од 15 дена од денот на нејзиното формирање, во кој дава оцена за изборот и врз основа на кој Сенатот во рок од 15 дена од денот на приемот на извештајот, донесува одлука по жалбата.

(8) Одлуката на Сенатот од ставот (7) на овој член е конечна.

(9) За субјектите за вршење на научноистражувачка дејност кои не се придружни членки на универзитет, одлуката на Советот од ставот (5) на овој член е конечна.

(10) Против конечната одлука од ставовите (8) и (9) на овој член, може да се поднесе тужба до надлежниот суд, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Престанок на работен однос поради одземање на звање

Член 41

(1) Лицето избрано во научно звање (научен соработник, виш научен соработник, научен советник и научен советник по реизбор) е должно постојано научно и стручно да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува научната дејност, да придонесува за создавање научен подмладок и да придонесува за развојот, односно примената на научната дејност за која е избрано.

(2) На лицето избрано во научно звање од ставот (1) на овој член, може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано на начин уреден со статутот на субјектот за вршење на научноистражувачка дејност во следниве случаи:

- ако се утврди дека подолго од шест месеци не ги исполнува обврските од ставот (1) на овој член,

- ако со судска одлука се утврди дека престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот или

- во други случаи утврдени со закон.

(3) Одлука за престанок на работниот однос поради одземање на звање пред истекот на времето за кое е избрано лицето во научно звање во случаите од ставот (2) алинеите 1 и 2 на овој член, донесува органот кој го избрал со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови, врз основа на реферат на комисија формирана од истиот орган, составена од тројца научни советници, односно редовни професори.

(4) Лицето од ставот (2) на овој член, има право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката до Советот на научната установа, односно научниот институт, кој во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот донесува одлука.

(5) Одлуката по приговорот од ставот (4) на овој член се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Советот и донесената одлука е конечна.

(6) Против одлуката од ставот (5) на овој член, може да се поднесе тужба до надлежниот суд, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

## **VIII.** ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНИТЕ НАУЧНИ УСТАНОВИ

Вработени лица во јавните научни установи

Член 42

(1) Во јавните научни установи, работните места на вработените се групираат во:

- административни службеници,

- даватели на услуги во јавните научни установи и
- помошно-технички лица.
(2) Вработените кои вршат работи од административна природа имаат статус на административни службеници (јавни службеници) и за нив се применуваат одредбите од овој закон, Закон за административни службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и општите прописи од работен однос.
(3) За административните службеници се утврдуваат следниве категории и нивоа на работни места:
1) Категорија Б – раководни административни службеници:
- ниво Б2 – раководен административен службеник од второ ниво (секретар, раководител на стручна и административна служба и други),
- ниво Б4 – раководен административен службеник од четврто ниво (раководител на одделение-одговорен сметководител и други);
2) Категорија В – стручни административни службеници:
- ниво В1 – советник (библиотекар и документарист и други),
- ниво В2 – виш соработник (лектор, библиограф и други),
- ниво В3 – соработник (документарист-архивист и други),
- ниво В4 – помлад соработник (информатичар и други);
3) Категорија Г – помошно-стручни административни службеници:
- ниво Г1 – самостоен референт (самостоен референт за деловно работење и други),
- ниво Г2 – виш референт (архивар и други),
- ниво Г3 – референт (благајник, референт за лабораториска документација, референт за водење на евиденција на студии од втор и трет циклус и други),
- ниво Г4 – помлад референт (помлад референт за технички и други работи и други).
(4) Вработените кои вршат научноистражувачка дејност имаат статус на даватели на јавни услуги во јавните научни установи.
(5) За нив се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.
(6) За овие вработени се утврдуваат следниве категории и нивоа на работни места:
1) Категорија А – истражувачи со научни звања:
- ниво А1 – научен советник,
- ниво А2 – виш научен соработник,
- ниво А3 – научен соработник;
2) Категорија В – истражувачи со соработнички звања:
- ниво В1 – асистент-истражувач,
- ниво В2 – помлад асистент-истражувач
3) Категорија Г- други соработници:
-ниво Г2- виш лаборант,
-ниво Г3- лаборант
(7) Вработените кои вршат помошно-технички работи имаат статус на помошно-технички лица.
(8) За нив се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.
(9) За овие вработени се утврдуваат следниве подгрупи, категории и нивоа на работни места:
- подгрупа 1, категорија А, ниво А1 – хигиеничар и други,
- подгрупа 2, категорија А, ниво А1 – чувар и други,
- подгрупа 3, категорија А, ниво А1 – возач и други,
- подгрупа 5, категорија А, ниво А1 – курир (доставувач), портир, економ, магационер и други.
(10) Директорот на јавната научна установа, по претходно мислење од Министерството за јавна администрација и претходна согласност од

Министерството за образование и наука, донесува годишен план за вработување за наредната година, согласно со Законот за вработените во јавниот сектор.
(11) Во научните установи се води електронска евиденција на работното време.
(12) Странски државјанин може да врши научна дејност, исто како и државјанин на Република Северна Македонија, под условите кои се утврдени со овој закон.
(13) За вработените во јавните научни установи од став (1) на овој член, се води евиденција во системот за вработени во јавниот сектор кај надлежно министерство.
(14) Вработените од ставот (4) на овој член задолжително доставуваат извештај за спроведените активности два пати годишно до раководното лице. Содржината на извештајот се уредува со правилник на научната установа.

Вработени и ангажирани на научноистражувачки проекти

Член 43

(1)Во субјектите за вршење научноистражувачка дејност, за реализација на проекти финансирани од сопствени, проектни или донаторски средства, може да се ангажира или вработи научен и друг кадар на определено време исклучиво за времетраење на проектот, во согласност со закон, што се утврдува со договорот.

(2)Начинот за ангажирање се уредува со општ акт на субјектот, при што не се користат буџетски средства и се почитуваат прописите за јавни финансии и работни односи.

Плата на вработените

Член 44

(1) Вработените во јавните научни установи имаат право на плата, сразмерно на извршената работа и придонесот, надоместоци на плата, додатоци на плата и други примања, под условите утврдени со закон, колективен договор и договорот за вработување.

(2) Платата на вработените се исплаќа од средствата на буџетската сметка, а може и од средствата од сопствени приходи, доколку се остваруваат средства во зависност од видот, обемот, сложеноста и одговорноста во извршувањето на работата на работното место.

(3) Делот од платата од средства од сопствени приходи се утврдува со договор за вработување или анекс во зависност од видот, обемот, сложеноста и одговорноста во извршувањето на работата на работното место.

(4) Платата, надоместоците на плата, додатоци на плата и други примања, кои не се уредени со овој или друг закон, се регулираат во колективен договор и договор за вработување.

(5) Основната плата на работникот се состои од:
- минимална плата,
- дел од плата за називот/звањето и
- дел на плата за минат труд.

(6) Платата, односно основната плата од Буџетот на Република Северна Македонија на работникот за полно работно време се утврдува на начин што износот на минималната плата во Република Северна Македонија, утврдена согласно закон, се множи со коефициентот на работните места утврден во членот 45 од овој закон.

(7) Делот од плата за работниот стаж за работникот се вреднува во износ од 0,5% од основната плата од ставот (5) на овој член, за секоја навршена година, а најмногу до 20%.

(8) На лицето кое како прв автор или автор за коресподенција објавило поголем број на научни трудови во списание со фактор на влијание во базата на Веб оф сајанс од предвидените научни трудови за избор во звање во период од пет години, платата му се зголемува до 10%, за период од една година од денот на изборот во звање, за што носи решение директорот.

(9) Начинот и условите за зголемување на платата на лицата од ставот (8) на овој член, се уредува со правилник донесен од министерот.

Коефициент за исплата на плата на вработените од сметката на основен буџет

Член 45

Коефициентот за исплата на плата на вработените во јавните научни установи од сметката на основниот буџет, се утврдува според следниов начин:

| **Раб**отни места на даватели на јавни услуги во јавна научна установа | | |
|---|---|---|
| Ниво | Звање | Коефициент |
| А1 | Научен советник/редовен професор, д-р | 4,4 |
| А2 | Виш научен соработник/вонреден професор, д-р | 4,0 |
| А3 | Научен соработник/доцент, д-р | 3,6 |
| В1 | Соработник истражувач на трет циклус студии (асистент докторанд)/Асистент-истражувач/асистент, м-р | 2,7 |
| В2 | Соработник истражувач запишан на втор циклус на студии / помлад асистент-истражувач/ помлад асистент, високо образование | 2,3 |

| Ниво | Работно место на административни службеници во институција од јавен сектор | Коефициент |
|---|---|---|
| | | |
| Б2 | Секретар на ЈНУ, раководител на стручна и административна служба и други | 2,9 |
| Б4 | Раководител на одделение-одговорен сметководител и други | 2,7 |
| В1 | Советник (библиотекар и документарист и други-советник за магистерски и докторски студии; референт за студии; соработник за настава и наука; соработник за човечки ресурси; советник за ИКТ-информатичар и други) | 2,3 |
| В2 | виш соработник (лектор, библиограф и други-коректор, технички уредник, соработник за издавачка дејност и други) | 2,1 |
| В3 | соработник (документарист-архивист, мелограф, дешифрант и други) | 2,0 |
| В4 | помлад соработник (информатичар и други) | 1,9 |
| Г1 | самостоен референт за деловно работење (архивар; благајник; деловен секретар-архивар; технички секретар; самостоен библиотекар; самостоен референт техничар; компјутерски техничар; за магацинско работење и други) | 1,7 |
| Г2 | виш референт (архивар; информатички техничар и други) | 1,6 |
| Г3 | референт (благајник; референт за лабораториска документација; референт за водење на евиденција на студии од втор и трет циклус и други) | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| Г4 | помлад референт (помлад референт за технички и други работи и други) | 1,4 |

| Ниво | Работно место на помошно-технички лица во институција од јавниот сектор | Коефициент |
|---|---|---|
| А1 | хигиеничар; хигиеничар (курир); домаќин; општ работник и други; работник за одржување на домот и други | 1,2 |
| А1 | чувар и други | 1,3 |
| А1 | возач и други | 1,3 |
| А1 | курир (доставувач), портир, економ, магационер и други | 1,3 |

Плата на вработени во научен институт како единица во состав на универзитет, вработени во мешовитите научни установи и во приватен научен институт

Член 46

(1) За платата на вработените во научен институт како единица во состав на универзитет соодветно се применуваат одредбите од Законот за високото образование.

(2) За вработените во мешовитите научни институти, платата се исплаќа врз основа на договор помеѓу соосновачите сразмерно на делот на уделот.

(3) Платата на вработените во приватен научен институт ја определува основачот.

Гостински истражувачи (визитинг истражувачи)

Член 47

(1) Научните институти по покана на научниот совет можат како гости, без распишување на конкурс, да ангажираат гостински истражувачи (визитинг истражувачи) за вршење на научна и високообразовна дејност за определено време, од земјата или од првите 1000 рангирани универзитети согласно Академското рангирање на светски универзитети или Светското рангирање на универзитетите на Квакварели Сајмондс.

(2) Исплатата на гостински (визитинг) истражувачи се врши од сметките на самофинансирачки активности и донации.

(3) Начинот и времето на вршење на дејноста од ставот (1) на овој член, се уредуваат со статутот на универзитетот односно научната установа.

## IX. ФИНАНСИРАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ КОИ ВРШАТ НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Финансирање со средства од буџетската сметка

Член 48

(1) Финансирањето на јавните научни установи се темели на реализираните финансиски планови на јавните научни установи.

(2)Финансискиот план на јавните научни установи е план за буџетската сметка и планови на сметките од самофинансирачки активности и донации со проекции на приливи и одливи за следните пет буџетски години со вклучена развојна компонента до 20% годишно за секоја сметка поединечно.

(3) Финансискиот план на јавните научни установи се донесува секоја календарска година, во согласност со одобрените средства во Буџетот на Република Северна Македонија.

(4) Финансиските планови на јавните научни установи се донесуваат согласно прописите од областа на буџетирањето, статутот на јавната научна установа и овој закон.

(5) Финансиските планови на јавните научни установи за буџетската сметка се однесуваат на:

– плати и придонеси за вработените,
– материјални трошоци за работењето на јавните научни установи,
– комунални трошоци за работа на јавните научни установи,
– неопходни трошоци за тековно и инвестициско одржување како и трошоците за инфраструктурни инвестиции и развој,
– број на студенти за втор и трет циклус на студии на јавната научна установа со утврдена школарина и
– неопходни трошоци за реализација на научноистражувачките проекти согласно спецификите на јавната научна установа од интерес на државата.

(6) Финансиските планови на јавните научни установи за развојната компонента се однесуваат на:

– трошоци за дигитализација,
– иновации во наука и применувачка дејност,
– трошоци за реализација на програми и проекти за национален и регионален развој,
– зајакнување на општествениот ангажман на јавната научна установа,
– трошоци за обезбедување библиотечен фонд,
– трошоци за поддршка на млад истражувачки кадар,
– трошоци за поттикнување на меѓународната соработка и мобилност со посебна поддршка за вмрежување на јавните научни установи во рамките на европските истражувачки мрежи, конзорциуми и заеднички проекти алијанси (Европски истражувачки простор),
– трошоци за реализација на студиска програма за заедничка дипплома и/или двојна диплома, за втор и трет циклус,
– трошоци за реализација на тековни меѓународни проекти кои се изведуваат самостојно на јавната научна установа,
– трошоци за спроведување на проекти од национален интерес за Република Северна Македонија,
– мобилност на научниот и соработничкиот, стручниот и административниот кадар и
– остварување други цели во согласност со националните стратешки определби на Република Северна Македонија.

(7) На предлог на јавните научни установи, финансискиот план за буџетската сметка, се доставува до Министерството, кое врши проверка на усогласеност со буџетот и законитоста, согласно расположивиот буџет и ги доставува до Министерство за финансии.

(8) Финансиските планови за сметките од самофинансирачки активности и донациите на јавните научни установи може да ги содржат намените или трошоците од ставовите (5) и (6) на овој член, а се прифаќаат и одобруваат во целост согласно доставените проекции на јавната научна установа, без промени од страна на Министерството за финансии, а по службена должност во секоја буџетска година.

(9) По исклучок на ставот (8) на овој член, Министерството за финансии може да изврши соодветни измени и порамнувања во финансиските планови за сметките од самофинансирачки активности и донациите, согласно важечките прописи што го регулираат системот на буџетирање во Републиката.

(10) Доколку во јавните научни установи во тековната година истражувачите реализирале 30% повеќе научни проекти, научни трудови во базите Веб оф сајанс /Скопус, монографии, или книги може да се одобри зголемување на

финансискиот план заради успешност до 15 % за негова реализација во наредната година.

(11) За средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, кај мешовит научен институт чиј удел е од Република Северна Македонија, од градот Скопје или друга единица на локалната самоуправа, соодветно на уделот се применуваат одредбите од овој член, а за трошењето на буџетски средства, за начинот и постапките се применуваат правилата за јавни набавки согласно закон.

(12) Министерството за потребите на јавните научни институти, обезбедува годишен пристап до научни списанија индексирани во меѓународните бази.

Финансирање со средства од физички и правни лица

Член 49

Научните институти можат да стекнуваат средства од домашни и странски правни и физички лица, а за средствата може да има даночни и царински поволности утврдени со закон.

Финансирање на научен центар на извонредност

Член 50

(1) Средствата за финансирање на научен центар на извонредност се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од други извори определени со закон.

(2) За финансирање на научноистражувачката работа на научниот центар на извонредност утврдена во годишна програма за работа, Министерството склучува договор со кој се уредуваат заемните права и обврски.

(3) Научниот центар на извонредност, на кој му се одобрени средства за финансирање на програмата, е должен да поднесе годишен извештај за реализацијата на програмата до Министерството и Владата, како и за трошење на доделените средства, најдоцна до крај на годината.

(4) Министерството врши надзор за наменското користење на средствата и го раскинува договорот доколку не се поднесе извештај за реализацијата на програмата или утврди ненаменско користење на буџетските средства.

ФИНАНСИРАЊЕ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Начин и извори на финансирање

Член 51

(1) Средствата за финансирање на научноистражувачката дејност се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Северна Македонија,
- единиците на локалната самоуправа и градот Скопје,
- сопствени приходи,
- домашни, меѓународни и европски програми како и фондови за истражување,
- правни лица, здруженија и други организации,
- средства од легати, подароци, завештанија, прилози и донации,
- сопствени средства,
- средства согласно посебен закон,
- други извори за научноистражувачки цели.

(2) Со средствата стекнати од легати, подароци, завештанија, прилози и донации, научните институти располагаат според намената на давателот, додека со средствата кои се сопствен приход располагаат самостојно, во согласност со закон, статутот и општите акти на научниот институт.

Финансирање на научноистражувачка дејност

Член 52

(1) Министерството, по пат на јавен повик, кој го објавува на својата интернет страница, може да финансира активности од научноистражувачка дејност на субјектите за вршење на научноистражувачка дејност и тоа за:

1. научноистражувачки програми и проекти,
2. научноистражувачка инфраструктура,
3. оспособување, развој и создавање на научноистражувачки кадри,
4. меѓународна научна соработка и трансфер на знаења и вештини,
5. промовирање на научноистражувачката дејност,
6. издавање на списанија, научни книги, годишни зборници и други публикации од областите на научноистражувачката работа,
7. објавување на научни трудови во научни списанија,
8. организација на научни собири,
9. учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство и научни престои во странство,
10. престои на странски научни истражувачи во Република Северна Македонија и
11. други намени утврдени со овој закон.

(2) За финансирање на научноистражувачката дејност јавните научни установи задолжително доставуваат годишни програми до Министерството, најдоцна до крајот на септември во тековната година за наредната календарска година.

(3)Јавните научни установи кои што се финансираат според годишна програма, најдоцна до март секоја година задолжително доставуваат до Министерството извештај за спроведените активности и постигнатите резултати.

(4) На предлог на Владата, Министерството по пат на јавен повик кој го објавува на својата интернет страница, може да финансира и научноистражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за Републиката.

(5) Начинот за финансирањето на научноистражувачката дејност од ставовите (1), (2) и (4) на овој член, ги пропишува министерот .

(6) За финансирањето на активностите од ставовите (1), (2) и (4) на овој член, Министерството со избраните субјекти на јавниот повик склучува договор за вршење на научноистражувачката дејност, во кој се уредуваат нивните меѓусебни права и обврски.

(7) Доколку од научно-истражувачкиот проект финансиран од Република Северна Македонија, на јавна високообразовна или научна установа произлезе патент согласно со закон, јавната научна или високообразовна установа е сосопственик на патентот сразмерно на делот на софинансирањето од Република Северна Македонија.

(8) Прашањата во однос на интелектуалната сопственост, се уредуваат со закон и со колективен договор, како и со договорот за реализација на проектот и договорите за работа на истражувачите.

Член 53

(1) Финансирањето на годишните програми за научноистражувачката дејност, се врши врз основа на мерливи критериуми и тоа:

- усогласеност со националните приоритети за научноистражувачка дејност,
- квалитет и изводливост на програмата,
- научна продуктивност на носителот и истражувачкиот тим,
- развој на човечки ресурси во науката (вклучување на млади истражувачи и докторанди),
- очекувани резултати и влијание,

- меѓународна димензија,
- рационалност и оправданост на буџетот,
- научноистражувачки методи и
- други посебни критериуми определени со јавниот повик.

(2) Софинансирањето на издавачката дејност се врши врз основа на следниве критериуми:

- извонредност и квалитет на изданието, вклучително оригиналност, научна или стручна релевантност и усогласеност со состојбата на знаењето во соодветната област,
- придонес и влијание на изданието, и тоа врз развојот на науката, високото образование, културата, јавните политики или општеството во целина, како и неговата потенцијална национална и меѓународна видливост,
- квалитет и кредибилитет на авторот или авторскиот тим, утврден според научни и стручни референци и претходни резултати и
- квалитет на уредувачката и рецензентската постапка, вклучително најмалку две независни стручни рецензии, во согласност со прифатени меѓународни стандарди.

(3) На јавните повици за распределба на средствата за финансирање на научноистражувачките програми и проекти, при распределбата на средства, предност ќе имаат проектите чии истражувачи имаат објавено трудови во списанија со фактор на влијание во базите Веб оф сајанс и Скопус и тоа најмалку три труда по истражувач во последните три години, освен за младите истражувачи.

Финансирање на научноистражувачки кадар и млади истражувачи

Член 54

(1) За финансирање, создавање и усовршување на научноистражувачки кадри и млади истражувачи од Буџетот на Република Северна Македонија се обезбедуваат средства за стипендии за постдипломски студии, докторски и постдокторски студии во земјата и странство.

(2) За финансирање, создавање и унапредување на научноистражувачки потенцијали на студентите запишани на прв циклус на студиски програми (наука, технологија, инженерство и математика-STEM), од Буџетот на Република Северна Македонија се обезбедуваат средства за младински истражувачки проекти.

(3) Стипендии за академски студии од втор и трет циклус во странство се доделуваат и за студенти примени на еден од првите сто рангирани универзитети на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џио Тонг универзитет согласно Академското рангирање на светски универзитети, како и за академски студии од втор и трет циклус за студенти примени на академски студии на реномирани универзитети од областите на ликовната уметност, кинематографија и филмска продукција, драмската уметност и музиката.

(4) Стипендии за академски студии од втор и трет циклус може да се доделат и на странски државјани запишани на јавните високообразовни и научни установи во Република Северна Македонија, согласно одлука на Владата, доколку доделувањето на стипендијата е од интерес за Републиката.

(5) Стипендиите и средствата од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, се доделуваат преку јавен повик што го распишува Министерството, на неговата интернет страница.

(6) Корисникот на стипендија, односно средства од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, склучува договор со Министерството, со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

(7) Потребните документи, обрасците, начинот на пријавувањето и одлучувањето по јавниот повик од став (5) на овој член, ги пропишува министерот.

Член 55

(1) Министерството по пат на јавен повик, кој го објавува на својата интернет страница, може да додели средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, и тоа за:

- финансирање на научноистражувачки програми и проекти,
- финансирање на организација на научни собири,
- учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири во странство,
- учество на домашни научни истражувачи на студиски престои во странство,
- доделување на еднократни финансиски средства на истражувачи кои претходната година објавиле научен труд во списанија со фактор на влијание, реферирани во базите Веб оф сајанс или Скопус.
- надомест на финансиски средства платени за објавен научно-истражувачки труд, во списанија со фактор на влијание, реферирани во базите Веб оф сајанс или Скопус.

(2) Потребните документи, обрасците и начинот на пријавувањето и одлучувањето по јавниот повик од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот.

## X. ЕВИДЕНЦИЈА НА СУБЈЕКТИТЕ И РЕЗУЛТАТИТЕ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Регистар на субјектите за вршење на научноистражувачката дејност

Член 56

(1) Министерството води Регистар на субјектите од член 11 од овој закон, за вршење на научноистражувачката дејност.

(2) Формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на субјектите за вршење на научноистражувачката дејност, ги пропишува министерот.

(3) Решение за запишување во Регистарот на субјектите за вршење на научноистражувачка дејност, донесува министерот.

Бази на податоци за научноистражувачката дејност и Национален агрегатор на репозиториуми и архиви

Член 57

(1) За следење на научноистражувачката дејност во Република Северна Македонија, Министерството обезбедува услови за формирање на интегрирана база на податоци, која содржи:

- податоци за научноистражувачките установи,
- податоци за научните истражувачи во земјата и со потекло од земјата во странство,
- податоци за научноистражувачките домашни и меѓународни научноистражувачки проекти податоци за библиографиите на научните истражувачи и
- други податоци поврзани со научноистражувачката дејност.

(2) Базата на податоци од ставот (1) на овој член, се формира и одржува во рамките на информацискиот систем за научноистражувачката дејност на Министерството.

(3) Во Министерството се формира и ажурира Национален агрегатор на репозиториуми и архиви, со отворен пристап за кој се обезбедува соодветна безбедност на информатичките мрежи.

(4) Докторскиот труд и магистерскиот труд менторот задолжително го внесува во базата на јавниот репозиториум кој го одржува Министерството, заедно со сите пропратни документи за одобрување и одбрана на трудот (ментор, оценка на подобност за изработка на трудот, рецензентска комисија, рецензија), заради проверка на оргиналноста на трудот, најмалку седум дена пред одбраната на трудот.

(5) Истражувачите задолжително се регистрираат во интегрираната база на податоци за истражувачи. Истражувачите се должни да ги внесат сите промени на податоците во рок од 30 дена од денот на настанатата промена.

(6) Начинот на водење на базите на податоци и формирањето на Националниот агрегатор на репозиториуми и архиви, ги пропишува министерот.

(7) Научноистражувачките и високообразовните установи се должни да доставуваат податоци за базата на податоци што ја води Министерството и за Националниот агрегатор на репозиториуми и архиви.

Запишување во Централниот регистар на Република Северна Македонија

Член 58

По конституирањето и изборот на органите, јавниот научен институт, мешовитиот научен институт и приватниот научен институт, како и самостојниот истражувач, се запишуваат во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со што се стекнуваат со својство на правно лице.

Статусни промени

Член 59

(1) Јавна научна установа, по претходна согласност на основачот, може да се спои, подели или припои, под услови и на начин утврден со закон и статутот на институтот.

(2) Основачот може да одлучи дел од јавната научна установа (организациона единица), да се припои кон друг институт или да се организира како посебна јавна научна установа.

(3) Мешовитиот и приватниот научен институт, по претходна согласност на сооснователите, односно основачот, може да се спои, подели или припои, под услови и на начин утврден со закон и статутот на институтот.

## **XI.** НАДЗОР НАД СУБЈЕКТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И НИВНИТЕ ОДЛУКИ

Член 60

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и законитоста на одлуките на субјектите за вршење на научноистражувачка дејност врши Министерството.

(2) Доколку министерот утврди дека субјектите за вршење на научноистражувачката дејност не ги исполнуваат условите од овој закон, ќе определи рок за нивно исполнување кој не може да биде пократок од еден месец и подолг од три месеци.

(3) Доколку субјектите за вршење на научноистражувачката дејност во предвидениот рок од ставот (2) на овој член, не ги исполнат условите предвидени со овој закон, министерот во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот од ставот (2) на овој член донесува решение за бришење од Регистарот на субјектите за вршење на научноистражувачката дејност, за што го известува основачот во рок од осум дена од денот на донесувањето на решението.

(4) Против конечното решение од ставот (3) на овој член, може да се поднесе тужба до Управниот суд.

(5) Во случајот од член 20 став (3) на овој закон, и кога министерот ќе утврди дека субјектот за вршење на научноистражувачка дејност донел одлука која не

е во согласност со овој закон, ќе му укаже на субјектот за незаконитоста на одлуката и ќе определи рок за отстранување на незаконитоста, кој не може да биде пократок од еден месец, а подолг од три месеци.

(6) Ако во определениот рок субјектот не ја отстрани незаконитоста, министерот со решение ќе ја укине или поништи незаконитата одлука.

(7) Против решението од ставот (6) на овој член, субјектот има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(8) Во случаите од ставовите (2) и (5) на овој член, министерот формира комисија од пет члена од редот на вработените административни службеници во Министерството, која изготвува извештај во рок од најмногу 30 дена од денот на извршениот надзор на комисијата.

Инспекциски надзор

Член 61

(1) Инспекцискиот надзор, согласно овој закон, врши Државниот просветен инспекторат.

(2) Државниот просветен инспекторат е овластен:

1. да поништи упис на студент во втор и трет циклус на студии над бројот на студенти определен со решението за акредитација и конкурсот;

2. да поништи упис на студент на научна установа кој е извршен спротивно на Законот за високото образование;

3. да забрани вршење на научноистражувачка дејност на правно лице кое нема решение за вршење на научноистражувачка дејност и се претставува како научна установа;

4. да забрани вршење на високообразовна дејност на правно лице кое нема решение за вршење на научноистражувачка дејност и се претставува како научна установа;

5. да забрани вршење на научноистражувачка дејност на правното лице за кое е донесена одлука за основање од Владата, а сè уште не добил решение за вршење научноистражувачка дејност и не е запишан во Регистарот на субјектите за вршење научноистражувачка дејност и во Централниот регистар;

6. да забрани вршење на високообразовна дејност на правното лице кое добило институционална акредитација, а се уште не добил дозвола за вршење високообразовна дејност и не е запишан во регистарот на високообразовни установи и во Централниот регистар на Република Северна Македонија;

7. да забрани вршење на високообразовна дејност на правното лице кое добило институционална акредитација и дозвола за вршење високообразовна дејност, а се уште не добил програмска акредитација:

8. да забрани рекламирање или која било форма на јавно информирање на правно лице кое нема акредитација, решение за вршење научноистражувачка и високобразовна дејност и не е запишано во Регистарот на субјектите за вршење научноистражувачка дејност и во Централниот регистар на Република Северна Македонија и

9. да презема други мерки за кои е овластен со закон.

(3) Државниот просветен инспекторат врши надзор над законитоста на постапките за избор во научни и соработнички звања и над исполнетоста на условите за избор во звање, најдоцна во рок од пет години од денот кога е извршен изборот.

(4) Доколку Државниот просветен инспекторат при вршењето на надзорот од ставот (3) на овој член, утврди неправилности или незаконитости, донесува решение со кое:

-наложува отстранување на неправилностите и/или

-наложува повторување на постапката.

(5) Научниот институт е должен да постапи по решението на инспекторатот од ставот (4) на овој член, во утврдениот рок.

(6) Државниот просветен инспекторат еднаш годишно, најдоцна до 31 декември во тековната година, доставува извештај до Агенцијата за квалитет во високото образование и наука за извршените инспекциски надзори во научните институти со кои се констатирани неправилности и незаконитости кои Агенцијата за квалитет во високото образование и наука ги користи во постапките за обезбедување на квалитет.

## XII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Глоба за прекршоци
### Член 62

(1) Глоба во износ од 3.000 евра до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- не дозволи користење на истражувачка инфраструктура согласно член 4 став (3) од овој закон,
- не изготви програми за работа и развој прилагодени кон целите и резултатите од научноистражувачката, иновациска дејност и научно-технолошки развој (член 5 став (1) точка 1 од овој закон),
- не формира комисија за етика и интегритет за научни истражувања (член 10 став (1) од овој закон),
- користи назив спротивно на одредбите од членот 12 став (3) од овој закон,
- се применува статут за кој не е добиена согласност од надлежен орган (член 16 став (3), член 24 став (4), член 27 став (4) од овој закон),
- се изврши избор на лица во научни звања спротивно на одредбите од овој закон,
- не врши самоевалуација на начин и според услови определени со одредбите од Законот за обезбедување квалитет во високото образование и науката,
- не бидат објавени на интернет страницата резултатите од самоевалуацијата согласно одредбите од Законот за обезбедување квалитет во високото образование и науката,
- не го објави извештајот на рецензионата комисија согласно член 36 став (8) од овој закон,
- се ангажира или вработи научен и друг кадар на определено време спротивно на член 43 став (1) од овој закон,
- не достави годишни програми и извештаи до Министерството (член 52 став (2) и став (3) од овој закон),
- не се доставуваат податоци за интегрираната база на податоци што ја води Министерството (член 57 став (7) од овој закон) и
- во научниот институт се извршат статусни промени без согласност на основачот (член 59).

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице на правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 8.000 евра до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице и санкција забрана за вршење научноистражувачка дејност во траење од две години од денот на правосилноста на изречената прекршочна санкција, доколку започне со вршење на научноистражувачка дејност без добиено решение за институционална или програмска акредитација, како и решение за вршење научноистражувачка дејност и/ или високообразовна дејност. На одговорното

лице во правното лице ќе му се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противредност за истиот прекршок.

(4) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на истражувачот за прекршокот од член 57 став (5) од овој закон.

(5) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на менторот доколку не го внесе трудот согласно член 57 став (4) од овој закон.

(6) Глоба во износ од 500 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на член на рецензиона комисија ако не постапи согласно со членот 36 став (6) и (7) од овој закон.

(7) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на член на рецензиона комисија ако при избор на кандидат во научно звање биде предложен кандидат кој не ги исполнува условите согласно одредбите од овој закон.

Прекршочна постапка

Член 63

(1) За прекршоците утврдени од член 62 од овој закон, државниот просветен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од став (2) на овој член, се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

(5) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член, се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата, согласно прописите од областа на заштита на личните податоци.

(8) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот.

Член 64

(1) За прекршоците од членот 62 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

(2) Сторителот на прекршокот е должен освен глобата, да ги отстрани неправилностите од сторениот прекршок.

## **XIII.** ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Продолжување со работа

Член 65

(1) ЈНУ Институт за национална историја - Скопје, ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков”- Скопје, ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков” - Скопје, ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје, ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп, ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид и ЈНУ Институт за филм-Филмска академија Охрид, со денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да работат како јавни научни установи.

(2) ЈНУ Институт за интелектуална сопственост-Скопје, со денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжува да работи како јавна научна установа со назив ЈНУ Институт за интелектуална сопственост и информациски менаџмент-Скопје, при што Институтот за интелектуална сопственост и информациски менаџмент-Скопје, ги презема сите права и обврски на ЈНУ Институт за интелектуална сопственост-Скопје, целокупниот движен и недвижен имот, опремата, книговодствената евиденција, документацијата, архивата и средствата за работа кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ги стекнала и/или користела.

(3) Вработените во ЈНУ Институт за интелектуална сопственост-Скопје, продолжуваат да работат во ЈНУ Институт за интелектуална сопственост и информациски менаџмент – Скопје, во звањата кои ги стекнале до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(4) Директорот и членовите на Советот избрани до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да ги вршат функциите до истекот на времето за кое биле избрани.

Усогласување на актите согласно овој закон

Член 66

Научните институти и самостојните истражувачи основани согласно Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20, 163/21, 64/24, 235/24 и 144/25), се должни во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, да ги усогласат своите акти, организацијата и работата со одредбите на овој закон.

Отпочната постапка за основање научен институт и за избор на директор

Член 67

Постапката за основање на научен институт, односно за избор на директор на научен институт, која започнала до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе заврши според одредбите на законот според кој е започната постапката.

Услови според кои ќе продолжи избор во звање и еквиваленција на звања

Член 68

(1) Изборите во научни и соработнички звања започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20, 163/21, 64/24, 235/24 и 144/25).

(2) Научните и соработничките звања стекнати согласно Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20, 163/21, 64/24,

235/24 и 144/25), се еквивалентни со наставно-научните и соработничките звања регулирани со Законот за високото образование.

(3) За лицата кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, стекнале звање научен соработник или виш научен соработник, при првиот нареден избор во исто или повисоко звање, нема да се применуваат одредбите од членот 33 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание во базата од Веб оф сајанс /Скопус и нема да се применува дел од одредбите од член 33 став 1 точка 2, став 2 точка 2 и став 3 точка 2 од овој закон, кои се однесуваат на завршен прв и втор циклус од исто подрачје.

(4) За асистентите - истражувачи кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, стекнале звање асистент-истражувач, при првиот нареден избор во исто или повисоко звање, нема да се применуваат одредбите од членот 34 и членот 33 став (1) од овој закон, кои се однесуваат на трудовите објавени во референтна научна публикација.

Задржување на звањето научен советник

Член 69

Научните советници избрани до денот на влегувањето во сила на овој закон, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето научен советник доживотно.

Рокови за донесување на подзаконски акти и продолжување на важност на подзаконските акти

Член 70

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До влегувањето во сила на подзаконските акти од ставот (1) на овој член, ќе се применуваат постојните прописи.

Престанување со важност

Член 71

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20, 163/21, 64/24, 235/24 и 144/25).

Влегување во сила на законот

Член 72

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбата од член 57 став (3) од овој закон, која ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2028 година.

ОБРАЗЛОЗЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Содржината на одредбите во Законот за научноистражувачка дејност е систематизирана во тринаесет поглавја (со вкупно 72 членови) и тоа поставени по следниот редослед:

I. Основни одредби
II. Јавен интерес
III. Комисија за етика и интегритет за научните истражувања
IV. Субјекти за вршење научноистражувачка дејност
V. Научен центар на извонредност
VI.Квалитет во научноистражувачката дејност
VII.Научни и соработнички звања на истражувачите
VIII. Вработени во Јавните научни установи
IX.Финансирање на субјектите кои вршат научноистражувачка дејност
X. Евиденција на субјектите и резултатите на научноистражувачката дејност
XI.Надзор над субјектите за вршење научноистражувачка дејност и нивните одлуки
XII.Прекршочни одредби
XIII.Преодни и завршни одредби

Во првото поглавје се дефинира опфатот на Законот и се дадени дефиниции на основните поими опфатени во законот. Во ова поглавје се поместени и начелата на кои се заснова и целите за кои служи.

Во второто поглавје се дефинира остварувањето на јавниот интерес во научноистражувачката дејност преку стратешко планирање на дејноста со донесување на Национална програма за научноистражувачката дејност на Република Северна Македонија како стратешки документ.

Третото поглавје регулира воспоставување на Комисија за етика и интегритет за научните истражувања која дава одобрение за реализација на научноистражувачки проекти.

Четвртото поглавје ги дефинира Субјектите за вршење на научноистражувачка дејност, видови научни институти, органите на управување, начин на одлучување како и постапката за почеток со работа на научните институти.

Научниот центар за извонредност кој по својата оригиналност, значење и актуелност на постигнатите резултати во научноистражувачката дејност спаѓа во редот на најквалитетните во светот во рамките на своето научно подрачје, е регулиран во петтото поглавје.

Шестото поглавје упатува на постапките за обезбедување на квалитет во научноистражувачката дејност и самоевалуација согласно Законот за високо образование.

Постапката за избор во научни звања, критериумите и условите, засновање на работен однос како и роковите за вршење на избор се регулирани во седмото поглавје.

Во осмото поглавје се дефинирани категориите и нивоата на работни места на лицата кои вршат научноистражувачка дејност, за административниот кадар и за помошно-техничките лица вработени во научните институти и во МАНУ. Во ова поглавје, исто така, се регулира вредноста на коефициентите за пресметка на плата.

Финансирањето на научните институти и Центрите за извонредност како и финансирањето на научноистражувачката дејност во целина е регулирано во поглавје девет. Ова поглавје опфаќа начини и извори на финансирање на јавните научни установи, начинот на утврдување на износот на средства и критериуми за финансирањето на годишните програми за научноистражувачката дејност.

Евиденцијата на субјектите кои вршат научноистражувачка дејност и резултатите на научноистражувачката дејност се регулирани во поглавје десет. Министерството води Регистар на субјектите за вршење на научноистражувачката дејност, а ќе воспостави и интегрирана база на податоци која ќе содржи податоци за научноистражувачките установи, истражувачи и нивни библиографии, податоци за национални и меѓународни научноистражувачки проекти како и Национален агрегатор на репозиториуми и архиви со отворен пристап.

Надзорот над субјектите за вршење научноистражувачка дејност е регулиран според соодветни законски прописи, а е опишан во глава единаесет.

Во глава дванаесет се регулираат прекршочните одредби како што се глоба за прекршоци, прекршочна постапка и прекршочни санкции.

Во глава тринаесет се регулираат преодните и завршните одредби, усогласување на актите согласно овој закон, отпочната постапка за основање на научен институт и за избор на директор, услови според кои ќе продолжи избор во звање и еквиваленција на звања, задржување на звањето научен советник, рокови за донесување на подзаконски акти и продолжување на важност на подзаконските акти, престанување со важност и влегување во сила на законот.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со овој закон се донесува нов Законот за научноистражувачката дејност, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предлогот на закон за научноистражувачката дејност, како дел од системот за високо образование, науката како и обезбедување квалитет во научноистражувачката дејност, за прв пат системски уредена, обезбедува осовременување на законската рамка, со фокус на јасни надлежности, транспарентни механизми за обезбедување на квалитет, рационализација на процесите и воспоставување на систем за следење, евалуација и професионална поддршка кој одговара на потребите на научноистражувачкиот систем во 21-виот век.